# АПОСТ- -ОЛИТЕ

## ПЕТАР И ПАВЛЕ

ПРЕМИН

**на архангелот Михаил му беше доверен народот јудејски, а на Павле - земјата и морето, населените и ненаселените краеви**

свети Јован Златоуст

ЖИТИЕ

Павле, Павле,

Родум од Тарс, од племето Венијаминово. Прво се викаше Савле, учеше кај Гамалиил, беше фарисеј и гонител на христијаните. Во христијанската вера беше обратен преку чудо од Самиот Господ, Којшто му се јави на патот за Дамаск. Крстен од апостолот Ананија. Му се даде името Павле и беше прибroен кон службата на големите апостоли. Со пламена ревност го проповедаше Евангелието секаде, од границите на Арабија до Шпанија, меѓу Евреите и незнабожците. Го нарекоа апостол на незнабожците. Колку што беа страшни неговите страдања толку беше натчовечко неговото трпење. Низ сите години на неговото проповедање ден за ден како на тенок конец висеше меѓу животот и смртта. Откако сите свои денови и ноќи ги исполни со страдања за Христа, откако на многубројни места ја устрои Црквата и ја достигна таа мера на совршенство што можеше да рече: *не живеам веќе јас, туку Христос живее во мене*, беше убиен со меч во Рим, во времето на царот Нерон, кога и апостолот Петар.



Причестување на апостолите детаљ од фреска во Света Софија, Охрид ,1045 година

Симон Петар

Син Јонин, брат на Андреј Првоповиканиот, од племето Симеоново, од градот Витсаида. Беше рибар и прво се викаше Симон, но Господ благоизволи да го нарекува Кифа или Петар (Јован 1, 42). Прв од учениците јасно ја изрази верата во Господ Исус, велејќи: „Ти Си Христос, Син на Живиот Бог“ (Мат., 16, 16). Љубовта кон Господ му беше голема, а во верата се утврдуваше постапно. Кога Го изведоа Господ на суд, Петар трипати се одрече од Него, но само еден поглед кон лицето Господово го исполни со срам и покајание. По слегувањето на Светиот Дух врз апостолите стана неустрашлив и снажен проповедник на Евангелието. После една негова беседа во Ерусалим се обратија околу три илјади души. Го проповедаше Евангелието ширум Палестина и Мала Азија, Илирика и Италија. Со името Господово вршеше големи чуда: лечеше болни, воскреснуваше мртви, дури и од неговата сенка се исцелуваа болните.

ПРЕМИН

ЖИТИЕ

Имаше голема борба со Симон Волхот, којшто се прикажуваше за бог, а всушност беше слуга сатанин. Најпосле го посрами и го победи. На заповед на свирепиот цар Нерон, којшто беше пријател на оној Симон, Петар беше осуден на смрт. Откако го постави Лин за епископ на Рим и го посоветува и утеши стадото Христово, Петар радосно појде да прими смрт заради Христа. Кога виде пред себе крст, ги замоли џелатите да го распнат главечки, бидејќи се сметаше себеси за недостоен да умре како неговиот Господ. Така се упокои и прими венец на вечна слава големиот слуга на великиот Господ.

# ПРЕМИН

## БЕСЕДА БЕСЕДА

## БЕСЕДА ЈОВАН ЗЛАТОУСТ БЕСЕДА




Светиот апостол Павле поучува на атинскиот Ареопаг
(фреска во наосот на црквата на Св. Дионисиј Ареопагит во Атина)

ДЕЛА 17; 26 - 27





## ЈОВАН БЕСЕДА ЈОВАН ЗЛАТОУСТ ЈОВАН БЕСЕДА ЗЛАТОУСТ

Што е човекот, и од каков благороден род е нашата природа, и за какви добродетели е способно ова суштество, најдобро од сите луѓе покажа апостолот Павле. Откако стана апостол, па сè до сега, со силен глас тој Го правда Господа пред сите што го обвинуваат заради ваквото устројство на човечкото суштество; поттикнува на добродетел, им ја затвора устата на бесрамните богохулници, и покажува дека помеѓу ангелите и луѓето не постои големо растојание, ако сакаме да обрнеме поголемо внимание на себеси. Апостолот Павле не добил поинаква природа, ниту пак имал поинаква душа, ниту живеел во некој друг свет, туку одгледан на истава оваа земја и на истиов простор и според исти закони и обичаи, ги надминал сите луѓе што постоеле откако постои светот. Каде се, значи, оние што велат дека добродетелта е тешка, а порокот лесен? Павле не се согласува, велејќи: *Нашите лесни страдања ни носат вечна слава* (2 Кор. 4, 17). А ако страдањата се лесни, дотолку повеќе се такви - внатрешните задоволства.

И кај апостол Павле не е достојно за одушевување само тоа што заради големата ревност не ги ни чувствувал напорите што ги земал на себе заради добродетелта, туку и тоа што ѝ бил верен на добродетелта не заради награда.

...И кога го снаоѓаа опасности, страдања и секакви навреди, тој и тогаш ликуваше, и пишувајќи им на Коринтјаните им велеше: *Затоа уживам во слабостите, во навредите, во гонењата* (2 Кор. 12, 10). Сето тоа тој го нарекуваше *оружје на правдата*, покажувајќи дека и од тоа извлекува најголема корист, и непријателите не можеа од ниедна страна да го фатат. Од сите страни удиран, навредуван, напаѓан, тој, како во триумфален поход, подигаше победнички споменици по целата земја, и со тоа се украсуваше, и Му вознесуваше благодарност на Бога, велејќи: *Фала Му на Бога, Кој секогаш ни дава победа* (2 Кор. 2, 14).



## АПОСТОЛ ПАВЛЕ

Заради проповедта на Евангелието тој повеќе трчаше по навреди и понижувања отколку ние за почести; по смртта повеќе отколку по животот; по сиромаштвото повеќе отколку по богатството; по напори повеќе отколку другите по одмор; по тагата повеќе отколку другите по радувањето; по молитвата за непријателите повеќе отколку другите по молитвата против непријателите.

# СВЕТИ ЈОВАН ЗЛАТОУСТ

Така тој го преврте поредокот на нештата, или подобро речено, ние го превртевме, а тој го сочува таков како што Бог го востановил. Оти сѐ што е првобитно е природно, а подоцнежното - обратно.

За него беше страшно и опасно само едно: да се навреди Бог, и ништо освен тоа. Исто така, повеќе од сѐ тој сакаше: да Му угоди на Бога. Не велам дека тоа го сакаше повеќе од што и да е на овој свет, туку повеќе од што и да било и на оној свет. Немој да ми зборуваш за градови, народи, цареви, војски, оружја, богатства, сили, власти, оти сето тоа тој не го сметаше ни за пајажина, туку замисли го она што е на небесата и тогаш ќе ја согледаш силата на неговата љубов кон Христа. Опиен од оваа љубов, тој не им се восхитуваше ни на ангелите, ни на архангелите, ни на што и да е слично, оти во себеси имаше нешто поголемо од сето тоа: љубовта Христова, и со неа се сметаше себеси за поблажен од сите, а без неа не сакаше да биде ниту со господствата, ниту со поглаварствата, ниту со властите.

Кога дијамантот би станал злато и кога златото би станало дијамант, би се добило нешто слично на Павловата душа. Но зошто да ја споредуваме со дијамант и злато? Стави го сиот свет наспроти неа и ќе видиш дека Павловата душа е поважна од него

ЈОВАН

Со оваа љубов тој повеќе сакаше да биде меѓу последните и казнетите, отколку да е без неа меѓу најголемите и славните. Единствената казна за него беше: да бидеш лишен од оваа љубов. Тоа е пеколот за него, тоа е мачењето, тоа е врвот на злото; како што наслада-та е - стекнувањето на таа љубов. Тоа е за него животот, тоа е стекнувањето на доброто. Сѐ друго што не се однесува на ова тој не го сметаше ниту за жално ниту за непријатно, туку сѐ што е видливо тој го презираше како сува трева. ... Во затвор живееше како да е на самото небо, а раните и ударите ги примаше порадосно отколку што другите ги примаа наградите. Самите напори и трудот ги сметаше за награда, поради што и ги нарекуваше *благодат*. Погледни: за него



# СВЕТИОТ АПОСТОЛ ПАВЛЕ

наградата значеше - да се ослободиш од телото и да бидеш со Христа, а подвиг - да останеш во телото. Па сепак, тој поправо го избира ова второто, и вели дека тоа е за него најнеопходно. ...

Но, зошто зборувам за опасностите и за другите неволји? Тој непрестајно тагуваше, и заради тоа велеше: *Кој ослабува, и јас да не ослабам? Кој се соблазнува, а и јас да не горам?* (2 Кор. 11, 29). Некој ќе рече дека и во тагата има пријатност. На пример, многумина кога ќе ги загубат децата имајќи слобода да плачат наоѓаат утеха во плачот, а ако ги спречат во тоа, тие страдаат. Така и Павле, пролевајќи солзи ден и ноќ, наоѓаше утеха во нив, оти никој толку не жалеше заради своите недела, колку тој за туѓите. Како ли се чувствувал кога гледајќи ги Евреите како не се спасуваат се молеше самиот да биде лишен од вишната слава, само за тие да се спасат? Очигледно дека за него било далеку понеподносливо нивното неспасение, оти да не било потешко, не би се молел за нив.

Со што можеме да го споредиме оној што плачеше за сите коишто живеат во вселената, и воопшто за сите народи и градови, и за секој поединец, со какво железо, со каков дијамант? Како можеме да ја наречеме таквата душа? Златна или дијамантска? Таа е потврда од секаков дијамант, повредна од секакво злато и скапоцени камења. Дијамантот го надминува со својата цврстина, а златото со својата скапоценост. Со што да ја споредиме? Со ниту едно од постоечките нешта.

Кога дијамантот би станал злато и кога златото би станало дијамант, би се добило нешто слично на Павловата душа. Но зошто да ја споредуваме со дијамант и злато? Стави го сиот свет наспроти неа, и ќе видиш дека Павловата душа е поважна и од него. ...

Но, ако светот не вреди колку него, тогаш кој? Можеби небото? Не, и тоа е малечко, оти, кога тој самиот и на небото и на она што е на небото му ја претпостави љубовта Господова, тогаш дотолку повеќе Господ, Кој е толку подобар од Павле што е како добрината од порочноста, Он ќе им го претпостави Павле на мноштвото неба. Господ не нѐ љуби како ние Него, туку толку повеќе, што тоа не може да се искаже со зборови. Погледни со што го удостои Павле уште пред идното воскресение: го вознесе во рајот, на третото небо,

ЗЛАТОУСТ

му откри такви тајни коишто не можат слободно да им се зборуваат на оние што имаат човечка природа. И сосем разбирливо, оти тој, уште додека одеше по земјата, се правеше како да живее со ангелите, попречен од смртно тело, покажуваше ангелска чистота; подложен на толку неволји, се грижеше да не биде пониско од вишните Сили. Како птица леташе по вселената, и како бестелесен ги презираше опасностите и напорите, и како оној кој веќе го достигнал небото презираше сè што е земно, и беше непрестајно бодар како оној кој општи со бестелесните Сили.

Иако на ангелите честопати им беа доверувани разни народи, ниту еден од нив не го устрои народот што му беше доверен како што Павле ја устрои вселената. ... На архангелот Михаил му беше доверен народот јудејски, а на Павле - земјата и морето, населените и ненаселените краеви. Го велам ова не за да ги навредам ангелите, далеку од тоа, туку да покажам дека човек, иако човек, може да биде заедно со нив и да стои до нив. И зошто ова не им беше доверено на ангели? За да нема никаков изговор за небрежноста, и за да нема оправдување за леноста во различната природа. ... Слушни што вели самиот Павле: *Добра војна извојував, тркаша ја заврших, вераша ја зачував; сеѓа ме чека венецош на йравдаша, шшо во оној ден ќе ми ѓо даде Госйод, йраведниош судија; но не само мене шуку и на сише кои се радувааш на Неѓовошо доаѓање* (2 Тим. 4, 7 - 8). Гледаш ли како тој сите ги повикува да заедничарат во Бога? Да се погрижиме сите да станеме достојни за ветените блага; да ја согледаме не само големината и превосходноста на неговите дела туку и на неговата ревност со којашто ја стекна таквата благодат, и на сродноста на природата, според која тој го имаше истото што го имаме и ние. На тој начин и она што е тешко изведливо - ќе ни биде лесно и пријатно, и ако се помачиме за ова кратко време, ќе се удостоиме да добиеме неминлив и бесмртен венец, по благодатта и човекољубието на нашиот Господ Исус Христос, Кому нека е слава и власт,
сега и секогаш, и во сите векови. Амин.

**ХРИСТОС**

замисли го она што е на небесата и тогаш ќе ја согледаш силата на неговата љубов кон Христа. Опиен од оваа љубов, тој не им се восхитуваше ниту на ангелите ниту на архангелите ниту на што и да е слично; оти во себеси имаше нешто поголемо од сето тоа: љубовта Христова и со неа се сметаше себеси за поблажен од сите...



Причестување на апостолите, Теофан Критски (1546 г.),
фреска во соборната црква на манастирот Ставроникита на Света Гора